# <u>МК</u>

## <u>АНЕКС II</u>

**кон Одлуката за спроведување на Комисијата за одобрување на Реформските агенди и повеќегодишната програма за работа според Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан**

**Повеќегодишна програма за работа во однос на износот на неповратна финансиска поддршка според Регулативата (ЕУ) 2024/1449**

*Врз основа на целите утврдени во Регулативата (ЕУ) 2024/1449, а особено член 3 од истата, програмата за работа на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан за 2024-2027 година ја содржи активноста што треба да се финансира и распределбата на буџетот за 2024-2027 година како што следува:*

**1. ИЗНОС**

Вкупен проценет трошок: **1.298.589.465.34 евра**

Вкупен износ на буџетски придонес на ЕУ: **1.298.589.465.34 евра**

Индикативната годишна распределба на придонесот на ЕУ е:

325.494.272,51 евра од општиот буџет на Европската Унија за 2024 година,

323.881.117,89 евра од општиот буџет на Европската Унија за 2025 година,

324.687.695,20 евра од општиот буџет на Европската Унија за 2026 година, и

324.526.379,74 евра од општиот буџет на Европската Унија за 2027 година,

предмет на достапност на одобрени средства за конкретните фискални години по донесувањето на релевантниот годишен буџет, или како што е предвидено во системот на привремени дванаесеттини.

**2. ПРАВНА ОСНОВА**

Регулатива (ЕУ) 2024/1449 на Европскиот парламент и на Советот од 14 мај 2024 година за воспоставување на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, а особено член 15 од истата.

**3. БУЏЕТСКА ЛИНИЈА**

15.030100 Инструмент за реформа и раст за Западен Балкан - Оперативни расходи: **1.298.589.465.34 евра**

**4. КОРИСНИК/КОРИСНИЦИ НА АКТИВНОСТА**

Програмата за работа се спроведува во корист на корисниците од Западен Балкан.

Активноста се спроведува во Западен Балкан (Албанија, Косово[§], Црна Гора, Северна Македонија и Србија).

Босна и Херцеговина сè уште ја нема доставено својата Реформска агенда. По доставувањето, одлуката со која се донесува оваа програма за работа може соодветно да

[§] Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на МСП за прогласувањето независност на Косово.

се измени.

## 5. ЦЕЛИ ШТО СЕ СЛЕДАТ

Оваа програма за работа го опфаќа спроведувањето на износот на неповратна финансиска поддршка според Регулативата (ЕУ) 2024/1449 преку повеќегодишен акциски план за повеќе земји за периодот 2024-2027 година за поддршка на регионалната платформа за комбинирано финансирање „Инвестициска рамка за Западен Балкан (ИРЗБ) (WBIF)“ во корист на Западен Балкан.

Општите цели на Инструментот воспоставен со Регулативата (ЕУ) 2024/1449 се: а) поддршка на процесот на проширување преку забрзување на усогласувањето со вредностите, законите, правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата („*правото на ЕУ*“) преку донесување и спроведување реформи со цел идно членство во Унијата; б) забрзување на регионалната економска интеграција и постепената интеграција на единствениот пазар на Унијата; в) забрзување на социо-економската конвергенција на економиите на корисниците со Унијата; г) поттикнување регионална соработка, добрососедски односи, помирување и решавање на споровите во Западен Балкан, како и контакт помеѓу луѓето.

За да се постигнат гореспоменатите цели и, општо, целите на Новиот план за раст на Западен Балкан, посебен акцент во однос на областите за инвестирање ќе се стави на секторите кои најверојатно ќе функционираат како клучни мултипликатори за социјалниот и економскиот развој: поврзување, вклучително и одржлив транспорт, декарбонизација, енергија, зелена и дигитална транзиција, како и образование и развој на вештини. Инвестициите во инфраструктурата во горенаведените области ќе се спроведуваат преку ИРЗБ (WBIF). Поединечните проекти или програми ќе се достават до Оперативниот одбор на ИРЗБ (WBIF) за негово мислење само по комплетирањето на релевантните услови за плаќање утврдени во Реформските агенди.

## 6. АРАНЖМАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

### Договор за финансирање

За спроведувањето на оваа програма за работа, ќе се склучи Договор за инструментот со секој од корисниците на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Како што е утврдено во член 2(3) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, овој Договор за инструментот претставува договор за финансирање во рамки на значењето на член 114(2) од Регулативата (ЕУ, Евроатом) 2024/2509 за целосниот износ на тековната програма за работа.

### Индикативен период на спроведување

Индикативниот оперативен период на спроведување на оваа програма за работа, во текот на кој ќе се извршуваат активностите опишани во оваа програма за работа и ќе се спроведат соодветните договори и спогодби, е 204 месеци од влегувањето во сила на соодветните Договори за инструментот.

Продолжување на периодот на спроведување може да се договори со одговорниот службеник за давање овластување на Комисијата со изменување на оваа Одлука за финансирање и на релевантните договори и спогодби, во целосна согласност со Регулативата (ЕУ) 2024/1449.

### Модалитети на спроведување

Комисијата ќе осигури дека се почитуваат соодветните правила и постапки на ЕУ за обезбедување финансирање на трети страни, вклучително и постапки за ревизија, каде

што е соодветно, и усогласеност на активностите со рестриктивните мерки на ЕУ.[1]

*Индиректно управување со субјект проценет според столбовите Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан (EWBJF)*

Финансирањето во рамките на оваа програма за работа претставува придонес кон Регионалната платформа за комбинирано финансирање, „Инвестициска рамка за Западен Балкан (ИРЗБ)“, и се спроведува со индиректно управување во согласност со постапката за доделување на оваа Регионална платформа за комбинирано финансирање.

Според тоа, оваа програма за работа може да се спроведе со индиректно управување во рамки на значењето на член 62(1)(в) од Регулативата (ЕУ, Евроатом) 2024/2509 со управувачите на Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан (EWBJF) (ЕИБ (EIB) и ЕБОР (EBRD) преку серија Договори за придонес (потпишани помеѓу Комисијата, ЕБОР (EBRD) и ЕИБ (EIB), како управувачи на Заедничкиот фонд). Доверените субјекти, ЕБОР (EBRD) и ЕИБ (EIB), ќе бидат управувачи на Заедничкиот фонд. Тие ќе бидат одговорни за управувањето со средствата од Инструментот за реформи и раст преку Заедничкиот фонд и за истите задачи како што се веќе утврдени во Општите услови на Заедничкиот фонд, особено:

- Исплата на средства од Заедничкиот фонд до водечките МФИ (IFI);
- Канализирање на средства вратени од водечките МФИ (IFI);
- Изготвување извештаи за Заедничкиот фонд;

Особено, доверените субјекти се одговорни за склучување договори, спроведување, информирање и видливост, следење и известување за активностите на Инструментот за реформи и раст, како и за нивна оцена секогаш кога е релевантно, во согласност со начелото на добро финансиско управување, како и за осигурување на законитоста и регуларноста на расходите направени при спроведувањето на програмата, притоа земајќи ги предвид обврските на корисниците според член 23(2) од Регулативата (ЕУ) 2024/1449, и во согласност со Договорите за инструментот и сите други барања според Регулативата (ЕУ) 2024/1449.

Ова спроведување подразбира поддршка на спроведувањето на инфраструктурни инвестиции за поддршка на поврзувањето, вклучително и одржливиот транспорт, декарбонизацијата, енергијата, зелената и дигиталната транзиција, како и образованието и развојот на вештини во Западен Балкан. Предвидените субјекти се избрани според следните критериуми: докажано искуство во спроведување инфраструктурни проекти и должина на соработка во рамките на ИРЗБ (WBIF).

ЕИБ (EIB), —и ЕБОР (EBRD) се долгогодишни партнери во воспоставувањето, реализацијата и спроведувањето на ИРЗБ (WBIF). Во текот на изминатите 15 години од работењето на ИРЗБ (WBIF), ЕИБ (EIB), и ЕБОР (EBRD), во партнерство со Комисијата, успешно изготвија и/или спроведоа инфраструктурни проекти и покажаа дека може да им се довери спроведувањето на активноста.

Доверените субјекти ќе ја спроведат активноста во тесна координација со водечките МФИ (IFI) на проектите. Во моментов, EWBJF работи со следните доверени (проценети според столбовите) меѓународни организации и финансиски институции:

[1] www.sanctionsmap.eu Ве молиме имајте предвид дека мапата на санкции е ИТ-алатка за утврдување на режимите на санкции. Изворот на санкциите произлегува од правните акти објавени во Службениот весник (Сл. весник). Во случај на несовпаѓање помеѓу објавените правни акти и ажурирањата на веб-страницата, преовладува верзијата на Службениот весник.

- Француската агенција за развој (АФД) (AFD),
- Банката за развој на Советот на Европа (ЦЕБ) (CEB),
- Европската инвестициска банка (ЕИБ) (EIB), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (EBRD),
- Кредитната банка за развој и обнова (KfW) (KfW) и
- Светската банка (СБ) (WB).

Придонесите од средствата ~~на~~ од Инструментот за реформи и раст, исто така ќе ги финансираат надоместоците за спроведувањето што им се плаќаат на МФИ и административните давачки на управувачите на Заедничкиот европски фонд за Западен Балкан.

Комисијата одобрува дека направените трошоци може да се признаат како подобни од 25 мај 2024 година, што е пред датумот на донесување на оваа одлука, бидејќи ќе биде потребно рано ангажирање од Европската Унија за да се забрза спроведувањето на проектот во рамките на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

## 7. Очекувани резултати

Финансирањето на ЕУ ќе придонесе за спроведување инфраструктурни инвестиции во рамките на Инструментот за реформи и раст за поддршка на поврзувањето, вклучително и одржливиот транспорт, декарбонизацијата, енергијата, зелената и дигиталната транзиција, како и образованието и развојот на вештини во Западен Балкан.

# ДОДАТОК 1

Инвестициската рамка за Западен Балкан (ИРЗБ) (WBIF)

Инвестициската рамка за Западен Балкан **е воспоставена во 2009 година** како заедничка иницијатива на Европската комисија, Банката за развој на Советот на Европа (ЦЕБ) (CEB), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (EBRD) и Европската инвестициска банка (ЕИБ) (EIB). Подоцна, на платформата се приклучија Кредитната банка за развој и обнова (KfW) и Групацијата на Светската банка (ГСБ) (WBG). Во декември 2018 година, Француската агенција за развој (АФД) (AFD), стана организација учесник во ИРЗБ (WBIF). Во рамките на ИРЗБ (WBIF), Инструментот за развој на претпријатија и иновации на СБ (СБ ЕДИФ) (WB EDIF), воспоставен во 2012 година, се фокусира на поддршка на конкурентноста на приватниот сектор. Дополнително, во 2021 година е воспоставен Гарантниот инструмент за Западен Балкан (EFSD+ гаранција) со цел да се искористат дополнителни средства за поддршка на јавните и приватните инвестиции во регионот.

ИРЗБ (WBIF) работи со **заеднички инструмент**, кој здружува ресурси од различни извори, имено од ИПА и билатерални донатори, финансиски институции и партнери од Западен Балкан. Комбинираните ресурси се здружуваат во заеднички фонд и се користат за поддршка на активностите за кои се обезбедуваат заеми од партнерските финансиски институции. Слично на комбинирањето активности, гаранциите се спроведуваат од доверени финансиски институции проценети според столбовите кои ја користат гаранцијата за да искористат дополнителни средства за поддршка на јавните и приватните инвестиции во регионот.

**Опсегот** на ИРЗБ (WBIF) треба да го зголеми капацитетот на регионот за финансирање проекти и програми за поддршка на јавниот и приватниот сектор преку инструменти за комбинирање и гарантни инструменти во Западен Балкан. Инвестициите преку ИРЗБ (WBIF) треба да се во согласност со европската перспектива и водечките инвестициски иницијативи утврдени во Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан и Новиот план за раст за Западен Балкан.

**Целите** на ИРЗБ (WBIF) се подобрување на севкупната координација на помошта и максимизирање на влијанието на финансирањето со грантови и гаранции преку нивна употреба за користење на заемите од финансиските институции.

***Управување со ИРЗБ (WBIF)***

Управувањето со ИРЗБ (WBIF) е регулирано со Регулативата за инструментот за претпристапна помош (ИПА) III, при што нејзините главни елементи опфаќаат:

1. **Стратешки одбор на ИРЗБ (WBIF)**, кој вклучува 27 земји членки на ЕУ, покрај членовите на неговиот претходник, Управниот комитет на ИРЗБ (WBIF).
2. **Оперативен одбор на ИРЗБ (WBIF)**, кој вклучува 27 земји членки на ЕУ, покрај неговиот претходник, членовите на Управниот комитет на ИРЗБ (WBIF). Овој одбор ќе формулира **советодавни мислења** за активностите за комбинирање и гарантирање.

**Групата финансиери на проектот** е техничкиот дел на активностите за комбинирање на ИРЗБ (WBIF) за јавниот и приватниот сектор и е составена од претставници на Европската комисија, партнерски финансиски институции, развојни агенции и други билатерални донатори. Таа обезбедува „единствена влезна точка“ за барања за проекти и програми и е одговорна за постапката на проверка (водена од Комисијата) и финансиска процена (со придонес од финансиските институции). Групата финансиери на проектот ги

препорачува позитивно оценетите барања за комбинирање до Оперативниот одбор на ИРЗБ (WBIF), кој формулира мислења за соодветните барања.

Европската комисија им ги предлага на одборите на ИРЗБ (WBIF) инвестициските прозорци и инвестициските приоритети, врз основа на пристапот „прво политиката“ и во согласност со приоритетите на политиката и водечките инвестициски иницијативи воспоставени со Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан. Европската комисија ќе биде одговорна за формалната оцена на предлозите.

Деловникот за работа на ИРЗБ (WBIF) и општите услови на Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан го комплетираат сетот правила со кои се регулира управувањето со ИРЗБ (WBIF).

***Членови на ИРЗБ (WBIF)***

Членовите на ИРЗБ (WBIF) вклучуваат 27 земји членки на ЕУ од 1 јануари 2021 година и според одредбите на Регулативата ИПА III. Доверените финансиски институции се исто така членови на ИРЗБ (WBIF), заедно со билатералните донатори. Партнерите корисници присуствуваат како набљудувачи.

***Активности на ИРЗБ (WBIF)***

ИРЗБ (WBIF) комбинира грантови и заеми и обезбедува техничка помош за поддршка на стратешките инвестиции.

Активностите за комбинирање на ИРЗБ (WBIF) во најголем дел се финансираат преку Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан (EWBJF). Европската комисија ги доверува средствата од ИПА ~~средствата~~ и средствата од Инструментот за реформи и раст на управувачите на Европскиот заеднички фонд за Западен Балкан (моментално ЕБОР (EBRD) и ЕИБ (EIB)) и проектите вообичаено се избираат преку конкурентни постапки (повик за инвестициски предлози, проекти или програми во рамките на ИРЗБ (WBIF)). Европската комисија ќе биде одговорна за формалната оцена на предлозите.

Делегациите и географските/тематските единици на ЕУ ќе бидат консултирани преку фокусни точки и ќе учествуваат во подготовката на проектите преку проверка на релевантните концептни белешки и предлог проекти, како и за време на спроведувањето на проектите. Дополнително, партнерските финансиски институции ќе се координираат со делегациите на ЕУ на локално ниво, а делегациите на ЕУ ќе придонесат за видливоста на проектите на ниво на корисници.